АЕК

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ



# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАЗВОЈ НА ПАЗАРОТ ЗА **ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ** ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ ОД 2019 ГОДИНА

2019

**Содржина:**

1. Вовед ... 6

1.1 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во првиот квартал од 2019 година ... 8

2. Фиксна телефонија ... 10

2.1 Вкупен број на фиксни линии ... 13

2.2 Вкупен појдовен телефонски сообраќај (минути) и вкупен број на појдовни повици ... 13

2.3 Вкупен обем на телефонски сообраќај (минути) со услугите избор и предизбор на оператор. ... 14

2.4 Вкупен телефонски сообраќај (минути) што завршува во мрежи на фиксна локација и вкупен сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација ... 14

3. Мобилна телефонија ... 19

3.1 Број на активни претплатници ... 21

3.2 Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници низ квартали и приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво) ... 23

3.3 Видови претплатници и просечен број на иницирани повици и минути по претплатник ... 25

3.4 Вкупен појдовен телефонски сообраќај ... 26

3.5 Испратени СМС и ММС пораки ... 30

4. Пристап до интернет ... 33

5. Пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници ... 42

6. Изнајмени линии ... 45

7. Преносливост на броеви ... 47

8. Пакети на услуги ... 49

9. Нотифицирани оператори ... 52

**Содржина: Графикони и табели**

Графикон 1 Нотифицирани и активни оператори/даватели на услуги (состојба на 31.03.2019 година) 7

Графикон 2 Број на фиксни линии и промена на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 по квартали 15

Графикон 3 Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии (состојба на 31.03.2019 година) 16

Графикон 4 Просечен број на реализирани повици по претплатник (месечно) инициран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во првиот квартал од 2019 година. 16

Графикон 5 Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник инициран од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во првиот квартал од 2019 година. 17

Графикон 6-Број на активни претплатници по квартали во 2019 и 2018 година и промена на индикаторот број на активни претплатници според популација 100 21

Графикон 7-Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници во првиот квартал од 2019 година 22

Графикон 8- Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници по квартали (%) во 2019 година и 2018 година 23

Графикон 9-Удел на операторите во приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво) во првиот квартал од 2019 година 24
Графикон 10-Соодност на при-пеид и пост-пеид претплатници по квартали во 2019 и 2018 година 25
Графикон 11-Обем на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) инициран од јавни мобилни мрежи по квартали во 2019 и 2018 година 26
Графикон 12-Удел по обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути) (%) (состојба 31.03.2019 година) 27
Графикон 13- Удел по оператор според обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути) (%) (состојба 31.03.2019 година) 27
Графикон 14-Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник инициран од јавна мобилна комуникациска мрежа во првиот квартал од 2019 година и во четвртиот и првиот квартал од 2018 година 28
Графикон 15 -Просечен број на повици (месечно) по претплатник иницирани во јавна мобилна телефонска мрежа во првиот квартал од 2019 година и првиот и четвртиот квартал од 2018 година 29
Графикон 16-Удел во однос на вкупниот број на испратени СМС пораки во првиот квартал од 2019 година 30
Графикон 17-Удел во однос на вкупниот број на испратени ММС пораки во првиот квартал од 2019 година 30
Графикон 18-Удел на операторите во приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (големопродажно ниво) во првиот квартал од 2019 година 32
Графикон 19- Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) во првиот квартал од 2019 година. 36
Графикон 20- Удел на операторите во количината на сообраќај (GB) остварен од активните претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) во првиот квартал од 2019 година. 37
Графикон 21- Удел на операторите според приходи остварени од активните претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилна мрежа (2G/3G/4G) во првиот квартал од 2019 година. 37
Графикон 22- Удел на операторите во вкупниот број на активни М2М (machine to machine) СИМ картички во првиот квартал од 2019 година. 38
Графикон 23- Удел на операторите во количината на сообраќај (GB) остварен од активните М2М (machine to machine) СИМ картички во првиот квартал од 2019 година. 38
Графикон 24- Удел на операторите во вкупниот број на испратени СМС пораки од активните М2М (machine to machine) СИМ картички во првиот квартал од 2019 година. 39
Графикон 25- Удел на операторите според приходи остварени од активните М2М (machine to machine) СИМ картички во првиот квартал од 2019 година. 39
Графикон 26-Удел на бројот на претплатници на пристап до интернет по технологии во првиот квартал од 2019 година* 40
Графикон 27- Удел според бројот на активни претплатници со фиксен пристап до интернет со широк опсег по оператор на 31.03.2019 година 41
Графикон 28-Пренос на ТВ содржини до крајни корисници состојба во првиот квартал од 2019 година 44
Графикон 29-Удел на операторите во пренос на ТВ содржини до крајни корисници во првиот квартал од 2019 година* 44

Графикон 30-Број на пренесени броеви (фиксни и мобилни) до 31.03.2019 година 47
Графикон 31- Удел во однос на вкупен број на пренесени броеви во фиксни мрежи (состојба на ден 31.03.2019 година) 48
Графикон 32- Удел во однос на вкупен број на пренесени броеви во мобилни мрежи (состојба на ден 31.03.2019 година) 48
Графикон 33- Сооднос на претплатници на поединечна услуга и услуга врзана во пакет (состојба на ден 31.03.2019 година) 50
Графикон 34-Удел по оператори според број на претплатници кои користат две електронски комуникациски услуги врзани во пакет во првиот квартал 2019 година 51
Графикон 35– Удел по оператори според број на претплатници кои користат три електронски комуникациски услуги врзани во пакет во првиот квартал 2019 година 51

Табела 1 Листа на услуги за нотификација на субјекти ....6
Табела 2 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во првиот квартал од 2019 година ....8
Табела 3 Индикатори- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и јавно достапни локални, национални и меѓународни повици на фиксна локација ....11
Табела 4 Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии состојба (31.03.2019 година) ....15
Табела 5 Просечно времетраење на инициран разговор по претплатник (во секунди) по квартали во 2019 и 2018 година ....18
Табела 6 Индикатори- мобилна телефонија....19
Табела 7 Просечно времетраење на единечен повик по претплатник (во минути) поединечно по оператор....29
Табела 8 Индикатор- Големопродажба....31
Табела 9 Индикатори- Пристап до интернет со тесен опсег и широк опсег ....34
Табела 10 Индикатори – Број на активни претплатници на широкопојасен пристап на интернет по пристапна брзина за првиот квартал од 2019 година.....40
Табела 11 Индикатори- пренос на радио и ТВ сервиси до крајни корисници ....43
Табела 12 Индикатори- изнајмени линии....45
Табела 13 - Индикатори – Број на изнајмени линии на големопродажно ниво ....46
Табела 14 - Индикатори – Услуги врзани во пакет....49

Извештајот е од информативна природа. Истиот се базира на редовно собрани информации и финансиски податоци доставени до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) на секои три месеци во форма на квартални извештаи за обезбедување на релевантни услуги согласно Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за статистички цели и анализа на пазар и начинот на нивното објавување донесено од Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 15.03.2016 година. Во извештајот се презентирани показатели кои се однесуваат исклучиво на состојбата на пазарот во наведеното тромесечје. АЕК не превзема одговорност за квалитетот на извештајот со податоци кои ги добива од операторите/давателите на услуги. Во некои случаи АЕК не може да ги утврди неправилностите во извештаите/ податоците се додека не направи споредба на повеќе последователни тромесечја. Врз основа на тоа, АЕК напоменува дека во сите табели се можни мали отстапувања од вистинитите податоци.

## 1. Вовед

Извештајот за развојот на пазарот на електронски комуникации е изготвен врз основа на информациите и податоците доставени од страна на операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги во форма на квартални извештаи согласно Упатството за обезбедување на информации и финансиски податоци за статистички цели и анализа на пазар и начинот на нивното објавување 1303-1206/1 од 15.03.2016 година како и други податоци со кои располага Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК).

Согласно службената евиденција на АЕК за нотифицирани и активни учесници на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија во првиот квартал од 2019 година се содржани следниве податоци:

**Табела 1 Листа на услуги за нотификација на субјекти**

| **Услуги за нотификација на субјекти** | | |
|---|---|---|
| **У1** | Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација | |
| | **Нотифицирани - 19** | **Активни – 14** |
| **У2** | Обезбедување на јавно достапни телефонски услуги на јавна мобилна комуникациска мрежа | |
| | **Нотифицирани – 8** | **Активни - 4** |
| **У3** | Меѓуоператорски услуги за пренос или рутирање на национален и/или меѓународен сообраќај | |
| | **Нотифицирани – 21** | **Активни – 19** |
| **У4** | Услуги за пренос на податоци и тоа со: теснопојасен пристап на интернет или широкопојасен пристап на интернет | |
| | **Нотифицирани – 93** | **Активни - 90** |
| **У5** | Услуги поврзани со радиодифузија, како што се: пренос и емитување на терестријални радио програмски сервиси, пренос и емитување на терестријални телевизиски програмски сервиси, реемитување на радио програмски сервиси, реемитување на телевизиски програмски сервиси | |
| | **Нотифицирани – 56** | **Активни - 50** |
| **У6** | Услуги на давање јавна електронска комуникациска мрежа под наем: преносни и терминирани сегменти на изнајмени линии, пристап до мрежни елементи и придружни средства и други видови на пристап. | |
| | **Нотифицирани – 57** | **Активни - 22** |
| **У7** | Други услуги | |
| | **Нотифицирани – 13** | **Активни – 12** |




**<u>Графикон 1</u> Нотифицирани и активни оператори/даватели на услуги (состојба на 31.03.2019 година)**

## 1.1 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во првиот квартал од 2019 година

**Табела 2 Главни индикатори за развојот на пазарот на електронски комуникации во првиот квартал од 2019 година**

| ИНДИКАТОР | | Q1 2019 | Q4 2018 | Промена (%) | Q1 2018 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Вкупен број на фиксни линии (сите технологии) | 386.966 | 382.901 | 1,06% | 366.436 | 5,60% |
| 2. | Број на фиксни линии според популација 100 | 18,62 | 18,45 | 0,92% | 17,65 | 5,50% |
| 3. | Вкупен број на активни претплатници во мобилна телефонија | 1.948.535 | 1.969.109 | -1,04% | 1.988.376 | -2,00% |
| 4. | Број на активни претплатници во мобилна телефонија според популација 100 | 93,80 | 94,88 | -1,14% | 95,81 | -2,10% |
| 5. | Вкупен број на претплатници на пристап до интернет со широк опсег (не се вклучени претплатници преку мобилни уреди) | 429.853 | 427.964 | 0,44% | 399.575 | 7,58% |
| 6. | Вкупен број на претплатници на пристап до интернет со широк и тесен опсег преку мобилни мрежи (2G/3G/4G) | 1.308.333 | 1.348.134 | -2,95% | 1.275.168 | 2,60% |
| 7. | Вкупен број на претплатници на ТВ-Услуги | 411.682 | 405.167 | 1,61% | 397.402 | 3,59% |

Во табелата 2 се дадени главните индикатори за пазарот на електронски комуникации во Република Македонија за првиот квартал од 2019 година и четвртиот квартал од 2018 година и промената во проценти и за првиот квартал во 2018 година, како и промената изразена во проценти.

Вредноста на показателите број на активни претплатници според популација 100, дадени во табелата 2 за првиот и четвртиот квартал од 2018 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2017 година која изнесува 2.075.301 жители додека за првиот третиот квартал од 2019 година е пресметан според проценката од 31.12.2018 година која изнесува 2.077.132 жители.

При презентирање на бројот на активни линии/бројот на претплатници од особено значење е дефиницијата на активни претплатници особено од аспект на временскиот период релевантен за дефинирање на активен претплатник кој се движи во рамки од 3 месеци до 12 месеци. Во целиот извештај податоците за бројот на активни линии/претплатници се однесува на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан. Дефинициите за активен претплатник на релевантна услуга се дадени во Упатството за обезбедување на информации и податоци за анализа на пазар.

## 2. Фиксна телефонија

Од 19 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во првиот квартал од 2019 година 14 субјекти обезбедуваа јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација, и тоа:

1. Македонски Телеком-Скопје,
2. А1 Македонија- Скопје,
3. Роби- Штип,
4. Неотел- Скопје,
5. Инфел Нет Плус- Охрид,
6. Актон-Скопје,
7. Турк Телеком Интернатионал - Скопје,
8. Алтра Сат-Охрид,
9. ФНС Глобал – Скопје,
10. Интерспаце – Скопје,
11. Рота Телеком – Скопје,
12. Фреемобиле – Скопје,
13. Мултимедија – Гостивар,
14. КДС-ВТ – Пробиштип.

**<u>Табела 3</u> Индикатори- Пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација и јавно достапни локални, национални и меѓународни повици на фиксна локација**

| ИНДИКАТОР | | Q1 2019 | Q4 2018 | Промена (%) | Q1 2018 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Вкупен број на фиксни линии (сите технологии) | 386.966 | 382.901 | 1,06% | 366.436 | 5,60% |
| -резиденцијални | | 340.053 | 337.241 | 0,83% | 322.526 | 5,43% |
| -деловни | | 46.913 | 45.660 | 2,74% | 43.910 | 6,84% |
| 2. | Поделба на фиксни линии -според технологии | 386.966 | 382.901 | 1,06% | 366.436 | 5,60% |
| 2.1. | Бакар аналогни PSTN линии | 1.819 | 1.987 | -8,45% | 2.597 | -29,96% |
| -резиденцијални | | 1.202 | 1.284 | -6,39% | 1.766 | -31,94% |
| -деловни | | 617 | 703 | -12,23% | 831 | -25,75% |
| 2.2. | Бакар ISDN линии | 246 | 239 | 2,93% | 240 | 2,50% |
| -резиденцијални | | 0 | 1 | / | 0 | / |
| -деловни | | 246 | 238 | 3,36% | 240 | 2,50% |
| 2.3. | Бакар ISDN BRA линии | 246 | 239 | 2,93% | 240 | 2,50% |
| -резиденцијални | | 0 | 1 | / | 0 | / |
| -деловни | | 246 | 238 | 3,36% | 240 | 2,50% |
| 2.4. | Телефонска линија со 2 канали - бак | 2.342 | 2.531 | -7,47% | 3.008 | -22,14% |
| -резиденцијални | | 19 | 22 | -13,64% | 28 | -32,14% |
| -деловни | | 2.323 | 2.509 | -7,41% | 2.980 | -22,05% |
| 2.5. | Бакар ISDN PRA-линии | 0 | 0 | 0,00% | 0 | #DIV/0! |
| -деловни | | 0 | 0 | 0,00% | 0 | #DIV/0! |
| 2.6. | Телефоска линија со 10, 20 и 30 канали- бакар VoIP | 203 | 206 | -1,46% | 216 | -6,02% |
| -деловни | | 203 | 206 | -1,46% | 216 | -6,02% |
| 2.7 | Бакар (VoIP) | 168.314 | 171.223 | -1,70% | 175.656 | -4,18% |
| -резиденцијални | | 145.484 | 148.180 | -1,82% | 152.123 | -4,36% |
| -деловни | | 22.830 | 23.043 | -0,92% | 23.533 | -2,99% |
| 2.8. | Линии преку безжични технологии | 51.711 | 47.302 | 9,32% | 34.752 | 48,80% |
| -резиденцијални | | 47.887 | 43.989 | 8,86% | 32.972 | 45,24% |
| -деловни | | 3.824 | 3.313 | 15,42% | 2.007 | 90,53% |
| 2.8.1 | WiMax (VoIP) | 3.192 | 3.028 | 5,42% | 2.178 | 46,56% |
| -резиденцијални | | 2.870 | 2.796 | 2,65% | 1.869 | 53,56% |
| -деловни | | 322 | 232 | 38,79% | 309 | 4,21% |
| 2.8.2 | Преку мобилни комуникациски мрежи | 48.329 | 44.051 | 9,71% | 32.574 | 48,37% |
| -резиденцијални | | 44.865 | 41.028 | 9,35% | 30.914 | 45,13% |
| -деловни | | 3.464 | 3.023 | 14,59% | 1.660 | 108,67% |
| 2.8.3 | Wi-Fi (VoIP) | 190 | 223 | -14,80% | 229 | -17,03% |
| -резиденцијални | | 152 | 165 | -7,88% | 191 | -20,42% |
| -деловни | | 38 | 58 | -34,48% | 38 | 0,00% |

| ИНДИКАТОР | | Q1 2019 | Q4 2018 | Промена (%) | Q1 2018 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.9.1 | Линии преку коаксијална мрежа DOCSIS 1x2.0 (VoIP) | 51.052 | 52.442 | -2,65% | 55.256 | -7,61% |
| -резиденцијални | | 47.183 | 48.575 | -2,87% | 51.220 | -7,88% |
| -деловни | | 3.869 | 3.867 | 0,05% | 4.036 | -4,14% |
| 2.9.2 | Линии преку коаксијална мрежа DOCSIS 3.0 (VoIP) | 43.885 | 41.547 | 5,63% | 36.111 | 21,53% |
| -резиденцијални | | 41.037 | 38.909 | 5,47% | 34.141 | 20,20% |
| -деловни | | 2.848 | 2.638 | 7,96% | 1.970 | 44,57% |
| 2.10 | LAN (VoIP) | 17.296 | 17.558 | -1,49% | 15.703 | 10,14% |
| -резиденцијални | | 15.867 | 16.079 | -1,32% | 14.455 | 9,77% |
| -деловни | | 1.429 | 1.479 | -3,38% | 1.248 | 14,50% |
| 2.11 | FTTx (VoIP) | 50.098 | 47.866 | 4,66% | 42.668 | 17,41% |
| -резиденцијални | | 42.174 | 40.202 | 4,91% | 35.819 | 17,74% |
| -деловни | | 7.924 | 64 | 12281,25% | 6.849 | 15,70% |
| 3. | Вкупен број на корисници на услуга избор на оператор | / | / | / | / | / |
| 4. | Вкупен број на корисници на услуга предизбор на оператор | 246 | 239 | 2,93% | 240 | 2,50% |
| 5. | Вкупен број на повици | 17.363.174 | 18.560.414 | -6,45% | 20.078.477 | -13,52% |
| -број на повици во сопствена фиксна мрежа | | 7.354.629 | 8.031.758 | -8,43% | 9.339.488 | -21,25% |
| -број на повици во сопствена мобилна мрежа | | 3.529.267 | 3.646.163 | -3,21% | 2.971.879 | 18,76% |
| -број на повици кон други фиксни мрежи во РМ | | 3.864.641 | 4.109.781 | -5,96% | 5.281.507 | -26,83% |
| -број на повици кон други мобилни мрежи во РМ | | 2.237.742 | 2.358.150 | -5,11% | 2.027.547 | 10,37% |
| -број на повици кон мрежи во странски држави | | 376.895 | 414.562 | -9,09% | 458.056 | -17,72% |
| 6. | Вкупен обем на телефонски сообраќај (во минути) | 47.037.160 | 49.031.189 | -4,07% | 52.086.349 | -9,69% |
| -Вкупен сообраќај во сопствена фиксна мрежа | | 21.875.045 | 22.942.664 | -4,65% | 25.550.029 | -14,38% |
| -Вкупен сообраќај во сопствена мобилна мрежа | | 7.556.560 | 7.666.726 | -1,44% | 6.213.263 | 21,62% |
| -Вкупен сообраќај кон други фиксни мрежи во РМ | | 11.797.688 | 12.512.462 | -5,71% | 15.043.328 | -21,58% |
| -Вкупен сообраќај кон други мобилни мрежи во РМ | | 4.624.697 | 4.647.928 | -0,50% | 3.849.905 | 20,12% |
| -Вкупен сообраќај кон мрежи во странски држави | | 1.183.170 | 1.261.409 | -6,20% | 1.429.824 | -17,25% |
| 7 | Вкупен обем на сообраќај со услугата избор и предизбор на оператор | 286.249 | 320.139 | -10,59% | 248.275 | 15,30% |
| 8 | Вкупен обем на телефонски сообраќај што завршува во мрежи на фиксна локација (во минути) (национално завршување на повик ) | 58.623.773 | 67.975.753 | -13,76% | 61.632.614 | -4,88% |
| 9 | Вкупен обем на телефонски сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација (во минути) единечен транзит | 3.041.972 | 1.962.518 | 55,00% | 2.165.772 | 40,46% |

## 2.1 Вкупен број на фиксни линии

Вкупниот број на фиксни линии претставени во табелата 3 се дадени по технологии и број на фиксни линии по видот на претплатници (резиденцијални или деловни). Во табела 3 е прикажана состојбата на пазарот на фиксна телефонија според број на фиксни линии (технологии и видови на претплатници) и реализиран телефонски сообраќај во број на повици и минути.
Од точка бр.1 од табелата може да се забележи дека на пазарот на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација бројот на фиксни линии (сите технологии) во првиот квартал од 2019 година е зголемен за 1,06% во споредба со четвртиот квартал од 2018 година додека пак споредено со првиот квартал од 2018 година бројот е зголемен за 5,60%.
Бројот на PSTN линиите во однос на претходниот квартал е намален за 8,45% додека во однос на првиот квартал од 2018 година ова намалување изнесува 29,96%, бројот на ISDN линиите бележат зголемување од 2,93% во однос на четвртиот квартал од 2018 година додека во однос на првиот квартал од 2018 година се забележува зголемување од 2,50%. Бројот на (VoIP) линии преку бакарна мрежа се намалил за 4,18% за периодот од една година.
Како што може да се забележи од табелата бројот на линии преку безжични технологии во првиот квартал од 2019 година изнесува 51.711 односно може да се забележи раст од 9,32% во однос на претходниот квартал и раст од 48,80% во однос на првиот квартал од 2018 година.
Линиите преку коаксијална мрежа DOCSIS 1x2.0 (VoIP) бележат пад од 2,65% во однос на претходниот квартал додека линиите преку коаксијална мрежа DOCSIS 3.0 (VoIP) бележат раст од 5,63% во однос на истиот квартал.
Бројот на линии преку LAN мрежа изнесува 17.296 и бележат пад од 1,49% во однос на четвртиот квартал од 2018 година додека во однос на првиот квартал од 2018 година се забележува раст од 10,14%.
Голем дел од кабелските оператори ја изнајмуваат својата мрежа на нотифицираните оператори кои се активни на пазарот на фиксна телефонија и ја обезбедуваат услугата на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација. Така на операторот Неотел неколку кабелски оператори кои дејствуваат на определени подрачја во Република Македонија му ја изнајмуваат својата мрежа како на пример: Кабел Нет- Прилеп, Канал 16- Ресен, Г-КТВ-Струга, Спајдер- Гевгелија, Пирамида- Делчево, Вива Нет- Берово, Инел Техник- Кавадарци и други.
Како што може да се забележи од табелата во првиот квартал од 2019 година бројот на линии преку оптичка мрежа (FTTH) кој изнесува 50.098 бележи раст од 17,41% за период од една година додека за периодот од еден квартал се забележува раст од 4,66%.
Бројот на претплатници кои ја користат услугата предизбор на оператор од сите алтернативни оператори во РМ изнесува 246 во првиот квартал од 2019 година.

## 2.2 Вкупен појдовен телефонски сообраќај (минути) и вкупен број на појдовни повици

Во точка бр.6 од табелата е даден вкупниот појдовен сообраќај во минути на пазарот на јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација. Целокупниот обем на сообраќај во првиот квартал од 2019 година во однос на истиот квартал од претходната година бележи пад од 4,07%, додека во однос на првиот квартал од 2018 година бележи пад од 9,69%. Во однос на вкупниот број на појдовни повици споредено со првиот квартал од 2018 година се

забележува пад од 13,52%, додека во однос на четвртиот квартал од 2018 година бројот на повици е намален за 6,45%.

### 2.3 Вкупен обем на телефонски сообраќај (минути) со услугите избор и предизбор на оператор.

Во точка бр.7 од табелата е даден вкупниот обем на сообраќај со услугата избор на оператор и предизбор на оператор кој изнесува 286.249 минути односно во однос на претходниот квартал се забележува пад на сообраќајот од 10,59% додека во однос на првиот квартал од 2018 година има зголемување од 15,30%.

### 2.4 Вкупен телефонски сообраќај (минути) што завршува во мрежи на фиксна локација и вкупен сообраќај што транзитира низ мрежи на фиксна локација.

Во точка бр.8 од табелата е даден вкупниот обем на телефонски сообраќај што завршува во мрежи на фиксна локација кој во првиот квартал од 2019 година изнесува 58.623.773 минути, односно забележува пад од 13,76% во однос на претходниот квартал и пад од 4,88% во однос на првиот квартал од 2018 година. Во точка бр.9 од табелата е даден сообраќајот кој што транзитира низ мрежи на фиксна локација (единечен транзит) во првиот квартал од 2019 година кој изнесува изнесува 3.041.972 минути и во однос на претходниот квартал бележи раст од 55,00% додека во однос на првиот квартал од 2018 година раст од 40,46%.



**<u>Графикон 2</u> Број на фиксни линии и промена на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 по квартали**

Во графиконот бр.2 се прикажани бројот на фиксни линии и промена на индикатор број на фиксни линии според популација 100 на пазарот на пристап до јавна телефонска мрежа на фиксна локација во текот на првиот квартал од 2019 година и сите четири квартал од 2018 година. Воочливо е дека бројот на фиксни линии според популација 100 во погоре прикажаните квартали се движи во дијапазон од 17% до 19% при што вредноста на индикаторот е највисока во првиот квартал од 2019 година и изнесува 18,62% додека најниска е во првиот квартал од 2018 година и изнесува 17,65%.
Вредноста на индикаторот број на фиксни линии според популација 100 за првиот квартал од 2019 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2018 година која изнесува 2.077.132 жители додека за сите четири квартал од 2018 година е пресметан според проценката од 31.12.2017 година која изнесува 2.075.301 жители.

| Бр. | ОПЕРАТОР | Q1 2019 | Q4 2018 | Разлика (%) | Q1 2018 | Разлика (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски Телеком | 54,84% | 55,46% | -0,62% | 57,05% | -2,21% |
| 2 | А1 Македонија | 35,57% | 34,67% | 0,90% | 32,05% | 3,52% |
| 3 | Неотел | 2,91% | 2,99% | -0,08% | 3,14% | -0,23% |
| 4 | Роби | 5,85% | 6,04% | -0,19% | 6,81% | -0,96% |
| 5 | Инфел Нет Плус | 0,83% | 0,84% | -0,01% | 0,90% | -0,07% |
| 6 | Кабле Калл | / | / | / | 0,05% | / |
| | | **Q1 2019** | **Q4 2018** | **Промена (%)** | **Q1 2018** | **Промена (%)** |
| СМП оператор | | 54,84% | 55,46% | +/-0,62% | 57,05% | +/-2,21% |
| Алтернативни оператори | | 45,16% | 44,54% | | 42,95% | |

**<u>Табела 4</u> Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии состојба (31.03.2019 година)**

Во табелата 4 е прикажан уделот на алтернативните оператори/даватели на услуги според фиксни линии. Почнувајќи од вториот квартал во 2008 година на пазарот влегуваат најголем дел од алтернативните оператори/даватели на услуги кои со текот на времето го зголемуваат своето учество (според претплатници, приходи и сообраќај) на пазарот на фиксна телефонија, што не е исклучок и за 2019 година. Во првиот квартал од 2019 година уделот на алтернативните оператори/даватели на услуги според број на фиксни линии изнесува 45,16% што во однос на претходниот квартал преставува раст за 0,62 процентуални поени.




**<u>Графикон 3</u> Удел на оператори/даватели на услуги според фиксни линии (состојба на 31.03.2019 година)**

Во Графиконот бр. 3 е даден уделот на операторите/даватели на услуги според фиксни линии во првиот квартал од 2019 година. Во вкупниот број на фиксни линии учеството на Македонски Телеком (СМП Операторот) е 54,84%, додека од алтернативните оператори/ даватели на услуги најголемо учество има А1 Македонија со 35,57%, понатаму следуваат: Роби (5,85%), Неотел (2,91%) и Инфел Нет Плус (0,83%).




**<u>Графикон 4</u> Просечен број на реализирани повици по претплатник (месечно) иницирани од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во првиот квартал од 2019 година.**

Во графиконот бр. 4 е даден просечниот број на повици (месечно) иницирани во јавна телефонска мрежа на фиксна локација по претплатник во првиот квартал од 2019 година и

четвртиот и првиот квартал од 2018 година. Како што може да се забележи од графиконот во првиот квартал од 2019 година претплатниците просечно иницирале 14,96 повици месечно. Најголем дел се остварува во сопствена фиксна мрежа и изнесува 6,34 повици (42,36%). Бројот на повици кон други фиксни мрежи во РМ е значително помал и изнесува 3,33 повици (22,26%) во сопствена мобилна мрежа бројот на повици е 3,04 (20,33%) додека пак кон други мобилни мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесуваа 1,93 повици (12,89%) односно 0,32 повици (2,17%) кон мрежи во странски држави. Споредено со четвртиот квартал од 2018 година може да се забележи намалување на бројот на повици кон сите дестинации додека споредено со првиот квартал од 2018 година може да се забележи намалување на бројот на повици кон сите дестинации со исклучок на бројот на повици во сопствена мобилна мрежа и бројот на повици кон други мобилни мрежи во РМ.




**Графикон 5 Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницираn од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во првиот квартал од 2019 година.**

Во графиконот бр. 5 е даден просечниот обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник иницираn од јавна телефонска мрежа на фиксна локација во првиот квартал од 2019 година и четвртиот и првиот квартал од 2018 година. Како што може да се забележи од графиконот во првиот квартал од 2019 година претплатниците просечно зборуваат 40,52 минути. Најголем дел се остварува во сопствена фиксна мрежа и изнесува 18,84 минути (46,51%). Сообраќајот кон други фиксни мрежи во РМ е значително помал и изнесува 10,16 минути (25,08%) сообраќајот во сопствена мобилна мрежа изнесува 6,51 минути (16,07%) додека пак сообраќајот кон други мобилни мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави изнесува 3,98 минути (9,83%) односно 1,02 минути (2,52%) кон мрежи во странски држави. Споредено со четвртиот квартал од 2018 година може да се забележи намалување на

волуменот на сообраќај кон сите дестинации додека споредено со првиот квартал од 2018 година може да се забележи намалување на волуменот на сообраќај кон сите дестинации со исклучок на сообраќајот во сопствена мобилна мрежа и кон други мобилни мрежи во РМ.

| Бр. | ОПЕРАТОР | Q1 2019 | Q4 2018 | Промена (%) | Q1 2018 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски Телеком | 159 | 153 | 3,92% | 154 | 3,25% |
| 2 | А1 Македонија | 171 | 175 | -2,29% | 156 | 9,62% |
| 3 | Неотел | 141 | 132 | 6,82% | 127 | 11,02% |
| 4 | Роби | 218 | 211 | 3,32% | 210 | 3,81% |
| 5 | Инфел Нет Плус | 67 | 80 | -16,25% | 91 | -26,37% |
| 6 | Кабле Калл | / | / | / | 76 | / |

**Табела 5 Просечно времетраење на инициран разговор по претплатник (во секунди) по квартали во 2019 и 2018 година**

Во табела 5 е дадено просечното времетраење на инициран разговор по претплатник на сите оператори кои обезбедуваат јавно достапни телефонски услуги на фиксни локации за првиот квартал од 2019 година и четвртиот и првиот квартал од 2018 година, како и промената во проценти (%).

Истиот е пресметан врз основа на обемот на сообраќај од иницирани повици (во минути) поделен со бројот на повици кај релевантниот оператор. Како што може да се забележи од табелата во првиот квартал од 2019 година кај просечното времетраење на инициран разговор по претплатник во однос на претходниот квартал раст бележат сите операторите со исклучок на Инфел Нет Плус кој бележи пад од 16,25% и А1 Македонија кој бележи пад од 2,29%.

## 3. Мобилна телефонија

Од 8 нотифицирани субјекти во службената евиденција на АЕК во прввиот квартал од 2019 година 4 субјекти обезбедуваа јавно достапни телефонски услуги на јавна мобилна комуникациска мрежа и тоа:

1. Македонски Телеком АД Скопје,
2. А1 Македонија Скопје,
3. Лајкамобајл – Скопје,
4. Роби – Штип.

**<u>Табела 6</u> Индикатори- мобилна телефонија**

| Бр | ИНДИКАТОР | Q1 2019 | Q4 2018 | Промена (%) | Q1 2018 | Промена (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Број на активни претплатници во мобилна телефонија | 1.948.535 | 1.969.109 | -1,04% | 1.988.376 | -2,00% |
| | -резиденцијални при-пеид претплатници | 877.186 | 905.871 | -3,17% | 953.963 | -8,05% |
| | -резиденцијални пост-пеид претплатници | 813.367 | 804.905 | 1,05% | 779.811 | 4,30% |
| | -деловни пост-пеид претплатници | 257.982 | 258.333 | -0,14% | 254.602 | 1,33% |
| 2. | Број на испратени SMS пораки | 92.506.635 | 98.389.516 | -5,98% | 95.259.754 | -2,89% |
| 3. | Број на испратени MMS пораки | 481.031 | 332.995 | 44,46% | 282.350 | 70,37% |
| 4. | Вкупен реализиран сообраќај (минути) | 1.323.342.854 | 1.387.086.595 | -4,60% | 1.323.028.161 | 0,02% |
| | -Вкупен сообраќај во сопствена мобилна комуникациска мрежа | 912.591.762 | 971.850.566 | -6,10% | 939.384.141 | -2,85% |
| | -Вкупен сообраќај во сопствена фиксна комуникациска мрежа | 23.688.107 | 13.409.065 | 76,66% | 12.590.220 | 88,15% |
| | -Вкупен сообраќај кон други мобилни комуникациски мрежи во РМ | 367.994.307 | 380.949.613 | -3,40% | 346.663.323 | 6,15% |
| | -Вкупен сообраќај кон други фиксни комуникациски мрежи во РМ | 14.359.001 | 15.338.116 | -6,38% | 18.062.718 | -20,50% |
| | -Вкупен сообраќај кон мрежи во странски држави | 3.456.333 | 4.340.990 | -20,38% | 4.842.680 | -28,63% |
| | -Вкупен сообраќај остварен од претплатници на домашен оператор кои роамирале надвор од државата | 1.253.344 | 1.198.245 | 4,60% | 1.485.079 | -15,60% |
| 6. | Вкупен број на повици во мобилни комуникациски мрежи | 610.685.703 | 654.020.308 | -6,63% | 606.082.457 | 0,76% |
| | -Вкупен број на повици во сопствена мобилна комуникациска мрежа | 417.891.412 | 453.651.568 | -7,88% | 426.125.457 | -1,93% |
| | -Вкупен број на повици во сопствена фиксна комуникациска мрежа | 12.938.916 | 8.619.491 | 50,11% | 8.282.629 | 56,22% |
| | -Вкупен број на повици кон други мобилни комуникациски мрежи во РМ | 171.849.806 | 182.046.880 | -5,60% | 160.439.572 | 7,11% |
| | -Вкупен број на повици кон фиксни комуникациски мрежи во РМ | 6.729.753 | 8.116.121 | -17,08% | 9.495.470 | -29,13% |
| | -Вкупен број на повици кон мрежи во странски држави | 1.275.816 | 1.586.248 | -19,57% | 1.739.329 | -26,65% |

Во Табела бр.6 се дадени индикатори од пазарот на мобилна телефонија - Малопродажба каде податоците се дадени за првиот квартал од 2019 година и четвртиот квартал од 2018 година и промената во % и првиот квартал од 2018 година и промената во %. Од неа се согледува процентуалниот пад од 1,04% на бројот на активни претплатници во мобилната телефонија во првиот квартал од 2019 во однос на претходниот квартал и падот од 2,00% во однос на истиот квартал од претходната година. Воочливо е дека поголемиот дел од резиденцијалните претплатници користат при-пеид услуги наспроти користењето на пост-пеид услугите. Бројот на резиденцијалните пост-пеид претплатници бележат раст од 1,05% од претходниот квартал додека во однос на истиот квартал од претходната година се забележува раст од 4,30%, деловните бележат пад од 0,14% во однос на претходниот квартал додека во однос на првиот квартал од 2018 година се забележува раст од 1,33%.
Од табелата може да се забележи намалување на бројот на испратени СМС пораки во однос на четвртиот квартал од 2018 година од 5,98%. Кај вкупниот број на испратени ММС пораки во првиот квартал од 2019 година има раст од 44,46% во однос на претходниот квартал и раст од 70,37% споредено со првиот квартал од 2018 година.
Кај вкупно реализираниот сообраќај во минути има пад од 4,60% во однос на минатиот квартал и раст од 0,02% во однос на првиот квартал од 2018 година.
Кај вкупниот број на реализирани повици во мобилни комуникациски мрежи може да се забележи пад од 6,63% во однос на претходниот квартал и пад од 0,76% во однос на првиот квартал од 2018 година.

### 3.1 Број на активни претплатници




**Графикон 6-Број на активни претплатници по квартали во 2019 и 2018 година и промена на индикаторот број на активни претплатници според популација 100**

Во графиконот бр.6 е претставен бројот на активни претплатници во мобилна телефонија и бројот на активни претплатници според популација 100 во текот на првиот квартал од 2019 година и сите четири квартали од 2018 година. Вредноста на индикаторот бројот на активни претплатници според популација 100 за првиот квартал од 2019 година е пресметан врз основа на проценката за бројот на население согласно податоците од Завод на статистика со референтна дата 31.12.2018 година која изнесува 2.077.132 жители додека за четирите квартали од 2018 година е пресметан според проценката од 31.12.2017 година која изнесува 2.075.301 жители.

Воедно податоците за бројот на претплатници се однесува на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан. Под електронски комуникациски настан се смета повик, одговор на повик, испраќање на порака, испраќање на податоци (вклучително и GPRS) или вршење на други услуги (плаќање на месечна претплата, плаќање на ваучер за при-пеид и.т.н). На 31.03.2019 година четирите оператори имаат вкупно 1.948.535 активни претплатници.




**Графикон 7-Удел на операторите во вкупниот број на активни претплатници во првиот квартал од 2019 година**

Податоците од Графиконот бр.7 за уделот на мобилните оператори на пазарот на мобилна телефонија по број на активни претплатници (состојба на 31.03.2019 година) покажува дека А1 Македонија учествува со 49,44% Македонски Телеком учествува со 48,27%, Лајкамобајл има пазарен удел од 2,08% додека Роби има пазарен удел од 0,20% во вкупниот број на активни претплатници кои во последните три месеци предизвикале на некој начин електронски комуникациски настан.

### 3.2 Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници низ квартали и приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво)




**Графикон 8- Удел на пазарот за мобилна телефонија според активни претплатници по квартали (%) во 2019 година и 2018 година**

Од графиконот бр.8 може да се види учеството на мобилните оператори поодделно за вториот, третиот и четвртиот квартал од 2018 година и за првиот квартал од 2019 година. Од графиконот може да се забележи дека за период од четири квартали Македонски Телеком бележи раст од 0,72 процентуални поени, А1 Македонија бележи пад од 0,77 процентуални поени додека Лајкамобајл бележи пад од 0,16 процентуални поени за период од четири квартали. Операторот ТРД Роби започна со нудење на своите услуги од четвртиот квартал од 2018 година неговиот пазарен удел е незначителен.




**Графикон 9-Удел на операторите во приходи од обезбедување на мобилни комуникациски услуги (малопродажно ниво) во првиот квартал од 2019 година**

Во графиконот бр.9 е даден пазарниот удел на мобилните оператори во РМ во приходите остварени од обезбедување на мобилни комуникациски услуги на малопродажниот пазар за првиот квартал од 2019 година. Како што може да се забележи од графиконот најголем пазарниот удел има Македонски Телеком со 51,72% додека А1 Македонија има пазарен удел од 47,52%, Лајкамобајл има удел од 0,56% додека Роби има удел од 0,20%. Пазарните удели се пресметани за вкупниот приход кој претставува сума од приходи од: услуга за започнување на повик, од месечна претплата, од пренос на податоци, од терминална опрема, од СМС, од ММС, од роаминг (сообраќај, СМС и дата) и останати приходи.

### 3.3 Видови претплатници и просечен број на иницирани повици и минути по претплатник




**Графикон 10-Сооднос на при-пеид и пост-пеид претплатници по квартали во 2019 и 2018 година**

Во графиконот бр.10 е претставен соодносот на при-пеид и пост-пеид претплатниците за 2019 година и 2018 година. Од графиконот може да се забележи дека во првиот квартал 2019 година доаѓа до зголемување на пазарниот удел на пост-пеид претплатниците за 2,96 процентуални поени споредено со истиот квартал од претходната година, во овој период за истата вредност е намален уделот на пре-пеид претплатниците.

### 3.4 Вкупен појдовен телефонски сообраќај




| | 2018/1 квартал | 2018/2 квартал | 2018/3 квартал | 2018/4 квартал | 2019/1 квартал |
|---|---|---|---|---|---|
| Сообраќај во сопствена мобилна мрежа | 939.384,1 | 998.552,9 | 959.549,6 | 971.850,5 | 912.591,7 |
| Сообраќај во сопствена фиксна мрежа | 12.590,2 | 13.579,7 | 13.765,0 | 13.409,0 | 23.688,1 |
| Сообраќај кон други мобилни мрежи во РМ | 346.663,3 | 367.484,6 | 362.462,5 | 380.949,6 | 367.994,3 |
| Сообраќај кон други фиксни мрежи во РМ | 18.062,7 | 15.520,5 | 15.564,8 | 15.338,1 | 14.359,0 |
| Сообраќај кон мрежи во странски држави | 4.842,6 | 4.983,7 | 4.878,4 | 4.340,9 | 3.456,3 |

**Графикон 11-Обем на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) иницирaн од јавни мобилни мрежи по квартали во 2019 и 2018 година**

Во Графиконот бр.11 е даден обемот на реализиран појдовен сообраќај (во илјади минути) инициран од јавни мобилни мрежи во 2019 и 2018 година. Од графиконот може да се забележи поголем обем на појдовен сообраќај во сопствена мобилна мрежа отколку кон други мобилни мрежи. Појдовниот сообраќај во сопствена фиксна мрежа, кон други фиксни телефонски мрежи во РМ и кон мрежи во странски држави е со значително помал обем.




**Графикон 12-Удел по обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути) (%) (состојба 31.03.2019 година)**

Во Графиконот бр.12 е даден уделот на реализираниот појдовен сообраќај (%) иницирaн од јавни мобилни мрежи во првиот квартал од 2019 година. Од графиконот може да се забележи дека најголем процент односно 69,03% отпаѓа на вкупниот иницирaн сообраќај кој завршува во сопствена мобилна мрежа. Вкупниот појдовен сообраќај кој завршува во други мобилни мрежи во РМ учествува со 27,83% во вкупниот реализиран појдовен сообраќај. Појдовен сообраќај кој завршува во сопствена фиксна мрежа учествува со 1,79%. Сообраќајот кон други фиксни мрежи во РМ и мрежи во странски држави учествува со 1,09% (кон други фиксни мрежи) и 0,26% (кон мрежи во странски држави) во вкупниот реализиран појдовен сообраќај.




**Графикон 13- Удел по оператор според обем на реализиран појдовен сообраќај (вкупно реализирани минути) (%) (состојба 31.03.2019 година)**

Во Графиконот бр.13 е даден уделот по оператор според обем на реализиран појдовен сообраќај за првиот квартал од 2019 година. Од графиконот може да се забележи дека А1 Македонија учествува со пазарен удел од 62,68%, Македонски Телеком учествува со 36,39% Лајкамобајл учествува со 0,80% додека учеството на Роби е 0,12%.




**Графикон 14-Просечен обем на појдовен сообраќај (во минути месечно) по претплатник инициран од јавна мобилна комуникациска мрежа во првиот квартал од 2019 година и во четвртиот и првиот квартал од 2018 година**

